УПИ-3/24

HELSINKI COMMITTEE FOR HUMAN RIGHTS | KOMITETI I HELSINKIT PËR TË DREJTAT E NJERIUT | ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЉУДСКА ПРАВА | **ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА** | HELSİNKİ İNSAN HAKLARI KOMİTESİ | COMITET DI HELSINKI TI ANDREPTULU AL OAMINJLJI | HELSINGESKORO KOMITETI BAŠE MANUŠIKANE NIJAMIA

Примено 16-02-2024 Основен суд Куманово 8.00

Здружение ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
Бр. 08-69
08.02.2024 год.
Скопје

**До**
**Основен суд Куманово**
**ул.11 Октомври бб**

**ПРЕДМЕТ: Барање за информации од јавен карактер**

Почитувани,

Хелсиншкиот комитет за човекови права спроведува мониторинг на спроведување на Стратегијата за развој на пробациска служба во Република Северна Македонија (2021-2025) во рамките на проектот „Воспоставување услуги во заедницата за поддршка преку ресоцијализација и реинтеграција на поранешни осудени лица", финансиран од Европската Унија.

Врз основа на ова, согласно член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/19) бараме одговор на долунаведените прашања:

1. Колку пресуди за општокорисна работа се изречени? Ве молам да ни доставите податоци за 2023 година.
2. Колку пресуди за условна осуда се изречени? Ве молам да ни доставите податоци за 2023 година.
3. Колку пресуди за условна осуда со заштитен надзор се изречени? Ве молам да ни доставите податоци за 2023година.
4. Колку пресуди за судска опомена се изречени? Ве молам да ни доставите податоци за 2023година.
5. Колку пресуди за куќен затвор се изречени? Ве молам да ни доставите податоци за 2023 година.
6. Колку пресуди со изречени алтернативни мерки се обажалени? Ве молам да ни доставите податоци за 2023година.

Доколку имате дополнителни информации или прашање ве замолуваме да го контактирате електронски лицето за контакт и тоа Александра Трајановска [redacted].

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија

**√ електронски запис**

- д) друго ______________________________